26860

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Петок 3 октомври 1980 год. ●

12105, 10,

КРИТИЧКИ ЗАПИСИ

# ЧЕТИРИ ЛИКОВНИ ИЗРАЗИ

**● Кон постановката на ликовната група „4 С“ од Сараево во Домот на младите „25 Мај“ во Скопје**

Пред два — три месеци имавме можност да видиме една извонредна презентација на современата босанско — херцеговачка уметност во Музејот на современата уметност во Скопје. Изложба, која го покажа ликовниот пресек на оваа наша република, а воедно и во која мерка се следи и толкува актуелниот тек на модерниот израз. Меѓутоа, изложбата не можеше што е и разбирливо, да го исцрпи и опфати целиот ликовен потенцијал во Босна и Херцеговина. Затоа, изложбата на четворицата млади уметници под заедничко име ликовна група „4 С“ од Сараево има ново значење за проширувањето, дополнувањето и континуираното следење на ликовните тенденции во БиХ во нашата културна средина.

Изложбата на ликовната група „4 С“ од Сараево е отворена во галеријата на Домот на младите „25 Мај“ во Скопје, што зборува за дејноста и отвореноста на овој дом за актуелните збиднувања и надвор од нашата Република.

На изложбата, за која веќе стана збор, имавме прилика да се запознаеме со графичките релации на Петар Валдег, а на оваа изложба на „4 С“ во Домот на младите, да ги потврдиме неговите несомнени квалитети Графичките работи на Петар Валдег, работени во техниката на бакропис — акватинта, ја истакнуваат во прв план неговата ликовна и графичка култура, совесната обработка и интерпретација на асоцијативните пресеци во контрирањето светло — темно, каде со мешање на техниките (класични) се достигнува тонска валоризација и оживување на површината со линијата, т. е. впечаток на цртежот.

Нецат Казиќ е застапен во две ликовни дисциплини, сликарство и графика, а својата стилска и ликовна ориентација ја идентификува во одреден мотив на смирена лирска интонација. Неговиот сликарски концепт, за разлика од графичкиот, дејствува донекаде недоречено и тврдо. Иако во графиката користи исти или слични мотиви, впечатокот на просторот (атмосферата) и колористичката топлина е многу поубедлив.

Графичкиот израз на Ивица Шишка ги потврдува неговите цртачки квалитети. Со прецизна минуциозна линија ги поставува и претставува реалистичните секвенци (животинки) во некои апстрактни простори и ситуации. И токму поради тој спој на реалното и иреалното, се добива впечаток на фантастична и донекаде надреалистична целина, во што [illegible] ва на белградскиот уметник (цртач) Јован Богичевиќ, кој своевремено излагаше во оваа наша галерија. По споменувањето на уметникот Богичевиќ, немаме намера да ја намалиме вредноста и автентичноста на Ивица Шишка, туку да го свртиме вниманието на интересната коинциденција во изразот и организацијата на уметничкото дело.

Четвртиот учесник, Слободан Перишиќ, е претставен со слики на концептуален впечаток, со синтеза на различни стилски ориентации во една одредена целина и сликарска концепција. И кај него мотивот се јавува како асоцијативен момент, или како содржина која нема намера да го објаснува и толкува делото, туку да го надополни и ликовно да го заокружи.

**Богдан Мусовиќ**